*ОПШТИНА КРАТОВО*
*Ул„Плоштад Маршал Тито„ бб. 1360 Кратово*
*Тел/фах 031 481 202; 481 202*
*e-mail:contact.kratovo@gmail.com*

---

## Образложение на Буџетот на општина Кратово за 2023 година

Буџетот на Општина Кратово претставува годишен план на приходи и приливи и одобрени средства и ги вклучува консолидираните податоци за основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на дотации, буџетот на донации и буџетот на кредити и тоа на следните износи:

| | |
|---|---|
| - Основен буџет | 82.503.476 денари |
| - Буџет на самофинансирачки актиивности | 7.800.000 денари |
| - Буџет на дотации | 125.804.000 денари |
| - Буџет на донации | 4.043.113 денари |
| - Буџет на кредити | 0 денари |
| **- Вкупен буџет** | **220.150.589 денари** |

Согласно со најновите измени на законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) проекциите на сопствени приходи на основниот буџет може да се планираат со пораст од најмногу 10% од просечно остварени приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција. Согласно споменатиот закон и насоките од Министерството за финансии во основниот буџет како прилив е вклучено и салдото (разликата помеѓу остварените приходи и остварените расходи) кое се очекува да се оствари на крајот на годината и кое општината планира да го пренесе за користење во наредната година. Приходите од дотацијата од ДДВ во износ од 26.212.062 денари (предходен буџет 24.260.428 денари) и наменските дотации за единките корисници во износ од 125.804.000 ден) претходен буџет (113.189.472 ден) се планирани во висина на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија и насоките дадени од Министерството за финансии. Во делот на донации вклучен е проектот за Ошштинско корисна работа, кој општината го спроведува во соработка со УНДП и проекти на основното училиште од Програмата ЕРАЗМУС. Во текот на годината доколку се одобрат нови проекти истите ќе бидат планирани со проширување или ребалнс на буџетот по потреба, врз основа на склучен договор за обезбедини средства. На истиот начин општината ќе ги планира и пренесените средства од предходната година од единките корисници како и нови приходи доколку истите дополнително ги обезбеди во тековната година. Проекцијата на буџетот за следните две години е планирана согласно макроекономските проекции на Владата на Република Македонија и очекуваниот раст на БДП

Буџетот на општината содржи општ, посебен и развоен дел. Општиот дел ги содржи вкупните приходи и приливи и вкупните расходи и одливи на буџетот за фискалната година, како и проекциите за следните две години вклучувајки го и дефицитот. Општиот дел содржи и консолидиран биланс на приходи и расходи, функционална класификација на расходите, биланс на тековно оперативните приходи и расходи и биланс на капиталните приходи и расходи. Билансот на приходи и билансот на расходи на општината се искажани во буџетска рамнотежа. Општиот дел на буџетот е изработен според GFS (Governmental Financial Statistics) методологијата и се разликува од билансот на приходи и билансот на расходи кои се во буџетска рамнотежа.

Во општиот дел се прикажани планираните приходи и планираните расходи и нивната разлика. Во Буџетот на Општина Кратово разликата е искажана како дефицит во износ од  16.384.858 денари. Финансирањето на дефицитот во износ од 15.975.968 денари се очекува да се  обезбеди од приливи (депозит во износ од 18.613.492   ) кои се очекува да се остварат од пренесениот вишок на приходи остварен на 31.12.2022 година во износ од 18.700.000 денари и зголемена наплата на сопствени приходи. Истите се намалени за одливот за отплата на главницата за кредитот за 2023 година во износ од 2.637.524 денари.

Посебниот дел ги содржи одобрените средства по програми, потпрограми и ставки за фискалната година. Програмите се планирани согласно со надлежностите на општината и во рамките на расположивите вкупни приходи и приливи. Програми на основниот буџет на Општина Кратово се:

- А0- Совет на општина – палнирани се тековно оперативни расходи по ставки и подставки за потребите на советот. Во оваа програма се планирани и социјалните бенификции;
- Д0- Градоначалник- палнирани се тековно оперативни расходи по ставки и подставки за потребите на остварувањето на функцијата градоначалник;
- Е0- Општинска администрација- планирани се тековно оперативни расходи по ставки и подставки за потребите на општинската администрација со цел остварување на законските надлежности на општината;
- ЕА0- Капитални трошоци на општината- предвидени се расходи за купување на опрема за потребите на администрациајта и реконструкција на општинската зграда;
- Ф1- Урбанистичко планирање- за изработка на урбанистичка документација согласно со Годишната Програма за изработка на урбанистички палнови, урбанистичко- планска документација и урбанистичко- проектна документација на Општина Кратово за 2019 година;
- Г1- Подршка на локалниот економски развој- планирани се средства за изработка на проекти (техничка документација за изградба на објекти) согласно со потребите на општината;
- Г2 –Поттикнување на развој на туризмот,
- ГА0- Изградба на комерцијални објекти,
- Ј3- Јавно осветлување- предвидени се расходи за потрошената електрична енергија за улично осветлување и набавка на материјали и тековно одржување на уличното осветлување;
- Ј6- Оддржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на сообракајот – вклучени се расходи за тековно и зимско оддржување на локални патишта и улици;
- Ј7- Оддржување на паркови и зеленило- расходи за хортикултура;
- Ј8- Други комунални услуги- расходи согласно позитивната законска регулатива и надлежностите на општините за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ветеринарни услуги;
- ЈД- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици – потпрограма- ЈД0- едногодишна програма за изградба и реконструкција на улици и патишта согласно со Годишната Програма за уредување на градежното земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на општина Кратово за 2023 година
- ЈФ- Изградба на сообраќајна сигнализација- расходи за набавка на сообракајна сигнализација;
- ЈН0 Урбана опрема
- К4- Културни манифестации и творештво- планирани расходи за културни манифестации согласно Годишната Програма за култура;
- Л0- Спорт и рекреација- расходите се планирани согласно со Годишната Програма за спорт и рекреација;

- ЛА- Капитални расходи за спорт и рекреација- расходи за изградба на наменски детски игралишта, исто така развојна програма усвоена на Советот на општината;
- РА- Заштита на животна средина и природа- капитални расходи;
- Ѕ0- Противпожарна заштита- тековно оперативни расходи (Противпожарната заштита е пренесена надлежност на општината со децентрализацијата и притоа од републичкиот буџетот како дотација се обезбедени средства само за плати на вработените а останатите расходи се на товар на општината).

Програми на буџетот на самофинансирачки активности и дотации се:

- К2- Музичко и сценско-уметничка дејност – тековно оперативни расходи за Домот на култура „Лазар Софијанов“ Кратово;
- К3- Музејска и кинотечна дејност -тековно оперативни расходи за Музеј на град Картово;
- Н1- Основно образование- тековно оперативни расходи за ООУ „Кочо Рацин“ Кратово;
- Н2- Средно образование- тековно оперативни расходи за СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово;
- В1- Детски градинки- тековно оперативни расходи за ЈОУДГ „Царка Андреевска“ Кратово;
- Ѕ0- Противпожарна заштита- наменски средства за плати на вработените, средства обезбедени како дотација од републичкиот буџет.

Расходите се планирани врз основа на Годишните финансиски планови за 2023 година на единките корисници.

Развојниот дел ги содржи плановите и програмите за развој прикажани во развојни проекти, усвоени со Одлука на Советот на Општина Кратово.

Одделение за финансиски
прашања

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО • КРАТОВО • 1